Проект на УСАИД за транспарентно владеење

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА АКТУЕЛНИТЕ ПРАКТИКИ

## во општините од Источна Македонија: Штип, Струмица, Свети Николе и Виница



Февруари 2010 година

# ВОВЕД

**НВО Инфоцентарот**, **Центарот за граѓански комуникации** и **ЕХО**, во периодот од септември 2009 година до август 2012 година го реализираат **„Проектот на УСАИД за транспарентно владеење"**.

Тргнувајќи од фактот дека еден од најдобрите начини за борба против корупцијата е поголемата транспарентност, одговорност и отчетност, овој проект ќе придонесе кон заживување на механизмите за потранспарентно, поодговорно и поотчетно работење на локалните власти, кон зајакнување на учеството на граѓаните и бизнис заедницата во донесувањето одлуки на локално ниво, како и кон размената на добри практики меѓу локалните самоуправи во земјава.

Првата фаза од проектот опфаќа истражување на актуелните практики на локалните самоуправи во четири пилот општини во Источна Македонија. Целта на ова истражување е да се дојде до релевантни податоци за задоволство на граѓаните, граѓанските здруженија и бизнис заедницата од услугите што им ги нуди општината, како и да се детектираат евентуалните слабости во работењето на општините, а во насока на транспарентно, ефикасно и отчетно работење.

Задоволството на граѓаните, НВО-и и бизнис секторот од услугите што им ги нудат општините се оценува преку:

- нивната информираност за работата на општината;
- нивната вклученост во донесувањето одлуки;
- можноста да укажат на слабостите во функционирањето на општината и на вработените во општинската администрација и
- отчетноста што ја добиваат од општината.

Можноста, освен корисниците, и претставниците на општината да дадат свое гледање за ефикасноста во давањето на услугите овозможи да се дојде до информации за постоењето на соодветен систем, процедури и постапки со кои се гарантира постојаност на квалитетот во работата на општината.

Резултатите од истражувањето послужија, меѓу другото, да се утврди:

- Дали општината навреме и соодветно ги информира граѓаните за својата работа?
- Дали и на кој начин граѓаните се вклучуваат во донесувањето одлуки?
- Како општината соработува со граѓанските организации и бизнис секторот?
- Кои се слабостите во функционирањето на општините?
- Дали општината има вградени механизми за откривање на незаконско и неетичко работење?
- Дали се води активна антикорупциска политика и дали граѓаните се вклучени во оваа битка?
- Дали е општината отчетна за резултатите од работењето?

Резултатите од истражувањето ќе послужат како основа за изработка на препораки за преземање мерки за надминување на утврдените слабости и унапредување на работењето на локалните власти.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Во истражувањето се користеа посебни анкетни прашалници за општините, за граѓаните, за граѓанските здруженија и за фирмите во четирите пилот општини од Источна Македонија: Штип, Струмица, Свети Николе и Виница.

Посебните прашалници овозможија да се дојде до релевантни сознанија за искуството на секоја одделна целна група; да се вклучат специфичностите на различните односи на секоја од овие одделни групи со општината; да се дојде до сеопфатна слика за состојбите во општината и да се намали ризикот од едностраност во оценката на работата на општината.

Општините што се вклучени во истражувањето во оваа прва фаза од проектот меѓусебно се разликуваат според нивото на развој и досегашното

искуство и успех во процесот на децентрализација што овозможува резултатите од истражувањето да дадат целосна слика за работењето на општините.

Во истражувањето на јавното мислење на граѓаните од овие општини, анкетирани се 959 граѓани кои во периодот на спроведување на истражувањето имале контакт со општината. Анкетирањето се спроведуваше од 10 до 25 декември 2009 година, секој работен ден од 9.00 до 13.00 часот. На овој начин се добија релевантни сознанија за работата на општината бидејќи одговорите на анкетниот прашалник се добиени од граѓани кои имале искуство во користењето на услугите од општината. Со целно избраниот примерок се елиминира ризикот во истражувањето да се вклучат граѓани кои немале лично искуство и само ќе претпоставуваат како работи општината. До целно избраниот примерок се дојде така што анкетарите бараа прашалникот да се пополни од луѓе кои излегуваа од зградата на општината.

Со оглед на релевантноста на нивното искуство и доброто познавање на работата на општината, во истражувањето на граѓанскиот сектор се вклучени 80 активни невладини организации во споменатите општини (по 20 од секој општина).

Во истражувањето на бизнис секторот е вклучен репрезентативен примерок од 85 компании, случајно избрани од регистрите на фирми кои се евидентирани во општинските канцеларии за Локален економски развој (ЛЕР).

Истражувањето го спроведоа 10, претходно обучени анкетари од кои по три во поголемите општини - Штип и Струмица, а по двајца во Виница и Свети Николе.

# СУМАРНИ РЕЗУЛТАТИ

- Граѓаните и бизнисмените се речиси подеднакво незадоволни од работата на општината, од нејзината транспарентност, од учеството во донесувањето на буџетот и други важни документи (стратегии, планови и др.), од достапноста до општинската администрација и др. За разлика од граѓаните и бизнисмените, претставниците на граѓанските здруженија покажуваат поголемо задоволство и повисок степен на информираност за работата на општината, на достапност до информациите и документите, како и на учество во работата на општината. Сепак, задоволството на НВО-и од работата на општината е помало онаму каде што е помала и соработката.

- Кај речиси сите вкрстени прашања постојат разлики во одговорите меѓу

општината, од една страна, и граѓаните и бизнисмените од друга страна.

- Според сознанијата за моменталната состојба добиени од истражувањето, речиси кај сите аспекти од работењето на сите анкетирани општини има голем простор за подобрување на работењето.

- Резултатите од истражувањето покажуваат недоволна информираност на граѓаните и на претставниците на бизнис заедницата за работата на општината, за услугите што таа ги дава, како и за начините на кои заинтересираните можат да се вклучат во донесувањето одлуки и да се поплачат на работата на претставниците на општинската администрација.

- Општините ги немаат јавно истакнато сите услуги што ги даваат заедно со потребните документи што треба да се доставaт за добивање на тие услуги, како и износите на пари што треба да се платат за услугите, што ќе го минимизира просторот за злоупотреба и манипулација од страна на локалната администрација. Додека доминантен дел од општините (75%) велат дека постојат јавно достапни списоци со услугите кои ги даваат и цените за секоја услуга, само помалку од половина од граѓаните (45%) изјавуваат дека во општините има такви списоци.

- Широк простор за манипулации останува и често применуваната практика – информациите за постапките

и документите што треба да се доставаат за добивање на услугите да се добиваат преку разговор со службениците во општината. Најголем дел од граѓаните (56%) и од бизнисмените (60%) изјавуваат дека информациите за постапките и за документите што треба да ги доставаат за добивање на услугите во општините ги добиваат од разговор со службениците во општините, додека само околу третина од општините (37%) признаваат дека извор на овие информации се службениците.

- Истражувањето покажува голема нетранспарентност во креирањето и донесувањето на буџетот на општините. Имено, високи 92% од граѓаните и 85% од бизнисмените велат дека не се вклучени во креирање на буџетот на општината, за разлика од одговорите на општините во кои 100% од општините велат дека ги вклучуваат граѓаните и другите заинтересирани страни во изработката на буџетот на општината.

- Освен за буџетот, 68% од граѓаните и 64% од бизнисмените велат дека општината не ги консултира и во изработката на други значајни документи како стратегии, планови и др., за разлика од општините кои 100% велат дека применуваат разни механизми за консултирање на засегнатите страни за овие документи.

- Високи 95% од граѓаните и 94% од бизнисмените сметаат дека немаат можност да присуствуваат на седница на советот на општината, додека 100% од општините велат дека одржуваат отворени седници. Од ова произлегува дека општините не преземаат мерки за присуство на заинтересирани субјекти (граѓани, фирми и др.) на седниците на советот на општината и дека ниту граѓаните, ниту бизнис заедницата не се вклучени во донесувањето на одлуки кои натаму влијаат врз животите на луѓето и врз работата на фирмите.
- Дури 64% од граѓаните сметаат дека општината не презема мерки за активно функционирање на урбаните заедници, додека 100% од општините велат дека преземаат такви мерки.
- Речиси две третини од граѓаните (64%) и една третина од бизнисмените (34%) сметаат дека немаат можност да му ги кажат на градоначалникот своите проблеми и да му дадат предлози за унапредувањето на животот и работата во општината, додека 100% од општините велат дека нивниот градоначалник одржува редовни средби со граѓаните. Од ова, исто така, произлегува дека не се преземаат мерки за поактивно учество на граѓаните и на бизнис заедницата на редовните средби на градоначалникот со заинтересираните страни.

- Во општините нема изградено механизми за собирање и постапување по пријави од граѓани и од бизнис заедницата за коруптивно и неетичко работење на претставниците на општинската администрација. Дури 75% од општините изјавуваат дека во нивната општина нема пишана процедура за постапување по вакви поплаки од граѓаните. Високи 93% од граѓаните и 95% од бизнисмените никогаш не доставиле поплака за работата на вработен во општината за злоупотреба на службената должност или за корупција.

- Корупцијата е проблем на општините. Само 5% од граѓаните и 6% од бизнисмените велат дека им бил побаран поткуп од претставник на општината, а поплака за коруптивно однесување доставиле 7% од граѓаните и 5% од фирмите. Само 8% од граѓаните и 4% од фирмите сведочеле на ситуација во која претставник на општината имал судир на интерес што го премолчел. Речиси 17% од НВО-и дошле до сознанија за злоупотреба на службената должност, односно за коруптивно однесување на вработени во општината, а 11% сведочеле на ситуација во која претставник на општината имал судир на интерес што го премолчел.

- Истражувањето покажува и дека општините немаат еднаков однос кон сите граѓани и фирми, односно

на одредени граѓани и фирми им обезбедуваат еднаков третман. Така, 58% од граѓаните и 50% од фирмите сметаат дека службениците во општината немаат еднаков третман кон нив, а 56% од фирмите сметаат дека во наплатата на даноците и давачките, општинската власт привилегира одредени фирми.

- Резултатите од истражувањето покажуваат и недоволна отчетност на општините. Дури 56% од граѓаните велат дека општината не ги информира за резултатите од работењето, а 61% од бизнисмените, на пример, не знаат или не веруваат дека им се достапни податоците за склучените договори за јавните набавки. Од друга страна, 52% од фирмите сметаат дека зад јавните набавки во нивната општина се крие корупција.

# ДЕТАЛНИ РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

## ГРАЃАНИ

**Повеќе од половината од испитаните граѓани (55%) велат дека во општината нема истакнато на јавно место список со услуги што ги нуди општината заедно со ценовник за тие услуги.** Речиси 26% од граѓаните изјавуваат дека во нивната општина има список, но не и ценовник за услугите, а 19% сметаат дека има и список и ценовник на услугите.




Слика 1.

Дали во општината на јавно место има список на услуги што ги нуди со ценовник?

**Најголем дел од испитаните граѓани (56%) велат дека информациите за постапките и документите што треба да се обезбедат за добивање на соодветната услуга од општината ги добиваат усно, од службениците.** Речиси 21% од граѓаните велат дека овие информации ги наоѓаат на огласна табла во општината, а 15% ги наоѓаат на интернет страницата на општината.




Слика 2.

Како ги добивате информациите за постапката и документите што треба да ги обезбедите за добивање на услугите што ги дава општината?

**Дури 79% од граѓаните досега не покренале иницијатива во својата општина за решавање на некој проблем.** Ваква инцијатива покренале само 21% од граѓаните, од кои на 11% општината им ја усвоила таа иницијатива.




Слика 3.

Дали сами или со други сограѓани сте покренале иницијатива за решавање на некој проблем во општината во текот на оваа година?

**Доминантен дел од граѓаните (95%) не присуствувале на седница на советот на општината.** На седница присуствувале само 5% од испитаните граѓани.




Слика 4.

Дали во текот на 2009 година сте присуствувале на седница на советот на општината?

**Висок процент од испитаните граѓани (77%) не присуствувале на јавна расправа организирана од општината.** На јавна расправа присуствувале само 23% од граѓаните.




Слика 5.

Дали сте присуствувале на јавна расправа организирана од општината?

**Доминантен број од испитаните граѓани (92%) велат дека општината не ги вклучува во составување на буџетот.** Само 8% од граѓаните велат дека се вклучени во составувањето на општинскиот буџет.




Слика 6.

Дали општината ве вклучува кога го составува буџетот на општината?

**Дури 68% од граѓаните не се консултирани од општината кога таа изработува значајни документи како стратегии, планови и др.** Речиси 17% од граѓаните велат дека се консултирани за изработка на овие документи преку јавни расправи, а 9% преку интернет страницата на општината.




Слика 7.

Како општината ве консултира при изработка на значајни стратегии, планови и др.?

**Дури 65% од граѓаните никогаш немале можност да му ги кажат на својот градоначалник своите проблеми, предлози или сугестии.** Речиси 35% од граѓаните може да разговараат со градоначалникот, и тоа, 11% редовно, а 24% тоа го прават повремено.




Слика 8.

Дали сте имале можност да му ги кажете на градоначалникот вашите проблеми или предлози?

**Речиси две третини од граѓаните (64%) досега не пријавиле никаков комунален проблем во својата општина.** Тоа го сториле 36% од граѓаните, а општината го решила секој втор од пријавените проблеми.




Слика 9.

Дали досега во општината сте пријавиле комунален проблем?

**Две третини од граѓаните сметаат дека општината не презема мерки за активно функционирање на урбаните заедници.** Дека презема такви мерки сметаат една третина од испитаниците.




Слика 10.

Дали сметате дека општината презема мерки за активно функционирање на урбаните заедници (како основна единица за сублимирање на граѓанското мислење)?

**Речиси половина од граѓаните (47%) не можат да го изразат своето задоволство или незадоволство од услугите што ги нуди општината и воопшто од квалитетот на работата на општинската администрација.** Речиси 23% од граѓаните своето мислење го изразуваат преку анкетни листови, 14% преку интернет страница, а 16% на друг начин.




Слика 11

Како можете да го изразите вашето задоволство или незадоволство од услугите што ви ги нуди општината и квалитетот на нивната работа?

**Две третини од граѓаните изјавуваат дека општината нема отворено телефонска линија за поплаки и предлози од граѓаните.** Дека има отворено таква линија сметаат една третина од граѓаните.




Слика 12.

Дали општината има отворено телефонска линија за поплаки и за предлози на граѓаните?

**Повеќе од половина од испитаните граѓани (58%) сметаат дека нивната општина не им обезбедува еднаков третман на сите свои граѓани.** Дека општината обезбедува еднаков третман сметат 42% од граѓаните.




Слика 13.

Дали службениците во општината им обезбедуваат еднаков третман на сите граѓани?

**Дури 71% од граѓаните сметаат дека општината нема процедура за пријавување на нејзин вработен кој не бил професионален во својата работа.** Дека општината има ваква процедура сметаат 29% од испитаните граѓани.




Слика 14.

Дали општината има процедура за пријавување на нејзин вработен кој не бил професионален во својата работа?

**Доминантен број од граѓаните (95%) изјавуваат дека никогаш не им бил побаран поткуп од претставник на нивната општина.** Дека им бил побаран поткуп велат 5% од граѓаните.




Слика 15

Дали некогаш од претставник на општината ви бил побаран поткуп?

**Само 7% од граѓаните доставиле поплака до вработен во општината за злоупотреба на службената положба или за коруптивно однесување.** Никогаш не доставиле поплака дури 93% од граѓаните.




Слика 16.

Дали некогаш сте доставиле поплака за вработен во општина обвинувајќи го за злоупотреба на службената должност, односно за коруптивно однесување?

**Само 8% од испитаните граѓани изјавуваат дека сведочеле на ситуација кога претставник на општината имал судир на интереси што го премолчел.** Никогаш не биле сведоци на ваква ситуација дури 92% од граѓаните.




Слика 17.

Дали некогаш сте сведочеле на ситуација во која претставник на општината имал судир на интерес што го премолчел?

**Високи 42% од граѓаните изјавуваат дека нивната општина никогаш не ги известува за резултатите од работењето.** Речиси 22% од граѓаните велат дека општината ги известува за резултатите преку извештај, 16% преку интернет страницата, а 20% на друг начин.




Слика 18.

Како ве известува општината за вкупните резултати од работењето?

# ДЕТАЛНИ РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

## ☑ БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

**Најголем дел од испитаните претставници на бизнис секторот (60%) велат дека информациите за постапките и документите што треба да се обезбедат за добивање на соодветната услуга од општината ги добиваат усно, од службениците.** Речиси 21% од бизнисмените велат дека овие информации ги наоѓаат на интернет страницата на општината, а 13% ги наоѓаат на огласна табла во општината.




Слика 1.

Како ги добивате информациите за постапката и документите што треба да ги обезбедите за добивање на услугите што ги дава општината?

**Помалку од половина од (45%) од испитаните претставници на бизнис заедницата сметаат дека нивната општина влијае позитивно врз бизнис климата.** Речиси 24% од бизнисмените изјавуваат дека општината влијае негативно врз климата за водење бизнис, а малку помалку од третина (31%) сметаат дека влијанието на општината врз бизнис климата е неутрално.




Слика 2.

Како општината со своето работење влијае врз бизнис климата?

**Дури 82% од бизнисмените досега не покренале иницијатива во својата општина за решавање на некој проблем.** Ваква инцијатива покренале само 18% од бизнисмените, од кои на 4% општината има ја усвоила таа иницијатива.




Слика 3.

Дали сами или со други компании сте покренале иницијатива за решавање на некој проблем во општината во текот на оваа година?

**Доминантен дел од бизнисмените (94%) не присуствувале на седница на советот на општината.** На седница присуствувале само 6% од испитаните претставници на бизнис секторот.




Слика 4.

Дали во текот на 2009 година сте присуствувале на седница на советот на општината?

**Висок процент од испитаните бизнисмени (72%) не присуствувале на јавна расправа организирана од општината.** На јавна расправа присуствувале само 28% од бизнисмените.




Слика 5.

Дали сте присуствувале на јавна расправа организирана од општината?

**Доминантен број од испитаните бизнисмени (85%) велат дека општината не ги информира или прашува при составување на буџетот.** Само 15% од бизнисмените велат дека се вклучени во составувањето на општинскиот буџет.




Слика 6.

Дали општината ве информира и прашува кога го составува буџетот?

**Дури 64% од бизнисмените не се консултирани од општината кога таа изработува значајни документи како стратегии, планови и др.** Речси 20% од бизнисмените велат дека се консултирани за изработка на овие документи преку јавни расправи, 11% преку интернет страницата на општината, а 5% на друг начин.




Слика 7.

Како општината ве консултира при изработка на значајни стратегии, планови и др.?

**Доминантен дел од бизнисмените (96%) досега немаат спроведено ниту еден проект од јавно-приватно партнерство со општините.** Вакви проекти досега имале само 4% од бизнисмените.




Слика 8.

Дали досега со општината имате спроведено проекти од јавно - приватно партнерство?

**Повеќе од половина од испитаните претставници на бизнис заедницата изјавиле дека редовно (9%) или повремено (57%) имале можност да му ги кажат на својот градоначалник проблемите, предлозите или сугестиите.** Сепак, дури третина од бизнисмените (34%) никогаш немале можност да разговараат со градоначалникот.




Слика 9.

Дали сте имале можност да му ги кажете на градоначалникот вашите проблеми или предлози?

**Повеќе од две третини од испитаните бизнисмени (65%) изјавиле дека можат да го изразат своето задоволство или незадоволство од услугите што ги нуди општината и воопшто од квалитетот на работата на општинската администрација.** Најголем дел од бизнисмените (41%) велат дека тоа го прават на индивидуални или групни состаноци со претставници на општината. Наспротив нив, 36% од бизнисмените велат дека немаат таква можност.




Слика 10.

Како можете да го изразите вашето задоволство или незадоволство од услугите што ви ги нуди општината и квалитетот на нивната работа?

**Точно на половина се поделени мислењата на бизнисмените за прашањето дали нивната општина им обезбедува еднаков третман на сите свои граѓани.**




Слика 11.

Дали службениците во општината им обезбедуваат еднаков третман на сите граѓани?

**Повеќе од половина од бизнисмените (54%) сметаат дека општината нема процедура за пријавување на нејзин вработен кој не бил професионален во својата работа.** Дека општината има ваква процедура сметаат 46% од испитаните бизнисмени.




Слика 12.

Дали општината има процедура за пријавување на нејзин вработен кој не бил професионален во својата работа?

**Доминантен број од бизнисмените (94%) изјавуваат дека никогаш не им бил побаран поткуп од претставник на нивната општина.** Дека им бил побаран поткуп велат 6% од бизнисмените.




Слика 13.

Дали некогаш од претставник на општината ви бил побаран поткуп?

**Само 5% од бизнисмените доставиле поплака до вработен во општината за злоупотреба на службената положба или за коруптивно однесување.** Поплака никогаш не доставиле дури 95% од бизнисмените.




Слика 14.

Дали некогаш сте доставиле поплака за вработен во општина обвинувајќи го за злоупотреба на службената должност, односно за коруптивно однесување?

**4% од испитаните бизнисмени изјавуваат дека сведочеле на ситуација кога претставник на општината имал судир на интереси што го премолчел.** Никогаш не биле сведоци на ваква ситуација дури 96% од бизнисмените.




Слика 15.

Дали некогаш сте сведочеле на ситуација во која претставник на општината имал судир на интерес што го премолчел?

**Речиси 44% од бизнисмените сметаат дека општинската администрација привилегира одредени фирми при наплатата на даноците и давачките.** Дека не привилегира одредени фирми сметаат 56% од испитаните бизнисмени.




Слика 16.

Дали сметате дека во наплатата на даноците и давачките, општинската власт привилегира одредени фирми?

**Дури третина од испитаниците (34%) не знаат дали им се достапни податоците за склучените договори за јавни набавки во општината, а 27% не веруваат дека ќе ги добијат ако ги побараат.** Побарале и добиле такви податоци само 7% од испитаниците, а 32% веруваат дека би ги добиле ако ги побараат.




Слика 17.

Дали ви се достапни податоците за склучените договори за јавни набавки?

**Повеќе од половината од испитаните бизнисмени (52%) сметаат дека зад јавните набавки во нивната општина се крие корупција.** Високи 43% од бизнисмените знаат дека има корупција, но не биле сведоци, а 9% биле сведоци или ним им бил побаран поткуп. Дека во јавните набавки во нивната општина нема корупција сметаат 48% од бизнисмените.




Слика 18.

Дали сметате дека зад јавните набавки во вашата општина се крие корупција?

# ДЕТАЛНИ РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

НВО

**Дури 74% од испитаните невладини организации изјавиле дека на некаков начин соработуваат со својата општина.** Најголем број од НВО-ата (46%) соработуваат со општината преку спроведување на заеднички проекти, а 20% користат средства од посебниот фонд при општината наменет за граѓанскиот сектор. Воопшто не соработуваат со општината 26% од испитаните невладини организации.




Слика 1.

Како соработувате со општината?

**Половина од испитаните НВО-а (51%) покренале иницијатива за решавање на некој проблем во општината во текот на 2009 година.**




Слика 2.

Дали сте покренале иницијатива за решавање на некој проблем во општината во текот на оваа година?

**Доминантен дел од невладините организации (84%) не присуствувале на седница на Советот на општината.** На седница присуствувале само 16% од испитаните НВО-а.




Слика 3.

Дали во текот на 2009 година сте присуствувале на седница на Советот на општината?

**Повеќе од половината од испитаните НВО-а (55%) присуствувале на јавна расправа организирана од општината.** На јавна расправа не присуствувале 45% од невладините организации.




Слика 4.

Дали сте присуствувале на јавна расправа организирана од општината?

**Повеќе од две третини од испитаните НВО-а (69%) велат дека општината не ги вклучува при составување на буџетот.** Само 31% од невладините организации велат дека се вклучени во составувањето на општинскиот буџет.




Слика 5.

Дали општината ве вклучува кога го составува буџетот на општината?

**Две третини (67%) од невладините организации велат дека се консултирани од општината кога таа изработува значајни документи како стратегии, планови и др.** Најголем број од нив (37%) велат дека се консултирани за изработка на овие документи преку јавни расправи, а 16% преку интернет страницата на општината. Дека не се консултирани изјавуваат 33% од испитаниците.




Слика 6.

Како општината ве консултира при изработка на значајни стратегии, планови и др.?

**Повеќе од половина од испитаните НВО-а (61%) сметаат дека нивната општина им обезбедува еднаков третман на сите свои граѓани.** Дека општината не обезбедува еднаков третман сметат 39% од невладините организации.




Слика 7.

Дали службениците во општината им обезбедуваат еднаков третман на сите граѓани?

**Малку повеќе од третина од НВО-а оценуваат дека медиумите известуваат позитивно (36%) или неутрално (35%) за работата на општината.** Не можат да оценат како медиумите известуваат за работата на општината 28% од испитаните НВО-а, а дека медиумите известуваат негативно за работата на општината сметаат само 1% од испитаните организации.




Слика 8.

Како медиумите известуваат за работата на општината?

**Доминантен број од испитаните НВО-а (83%) изјавуваат дека не дошле до сознанија за злоупотреба на службената должност, односно за коруптивно однесување на вработени во општината.** Наспроти нив, до такви сознанија дошле 17% од претставниците на невладините организации.




Слика 9.

Дали некогаш сте дошле до сознанија за злоупотреба на службената должност, односно за коруптивно однесување на вработени во општината?

**Дури 89% од испитаните НВО-а велат дека никогаш не сведочеле на ситуација во која претставник на општината имал судир на интерес што го премолчел.** За разлика од нив, на ваква ситуација сведочеле 11% од претставниците на НВО-ата.




Слика 10.

Дали некогаш сте сведочеле на ситуација во која претставник на општината имал судир на интерес што го премолчел?

**Само 1% од НВО-ата побарале и добиле податоци за склучените договори за јавни набавки во својата општина.** Високи 43% од организациите веруваат дека општината би им ги дала тие податоци доколку ги побараат. Не веруваат дека ќе ги добијат податоците за склучени јавни набавки 29% од НВО-ата, а 27% не знаат дали им се достапни податоците.




Слика 11.

Дали ви се достапни податоците за склучените договори за јавни набавки?

**Две третини од испитаните НВО-а (66%) не сметаат дека зад јавните набавки во нивната општина се крие корупција.** Дека во јавните набавки во нивната општина има корупција сметаат 34% од НВО-ата.




Слика 12.

Дали сметате дека зад јавните набавки во вашата општина се крие корупција?

**Дури 81% од НВО-ата изјавуваат дека нивната општина ги известува за резултатите од работењето.** Речиси 36% од организациите велат дека општината ги известува за резултатите преку извештај, 30% преку интернет страницата, а 15% на друг начин. Дека општината не ги известува за резултатите изјавуваат 19% од НВО-ата.




Слика 13.

Како ве известува општината за вкупните резултати од работењето?

**Доминантни 93% од НВО-ата изјавуваат дека не го искористиле Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за добивање на информација од општината.** Законот го искористиле само 7% од невладините организации. Општините одговориле на 92% од барањата доставени до нив.




Слика 14.

Дали сте го искористиле Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во текот на 2009 година?

# ДЕТАЛНИ РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

## ☑ ОПШТИНИ

- **Пишани процедури за 100% од работните задачи не постојат во ниту една од пилот општините (Штип, Струмица, Виница и Свети Николе).** Сепак, сите општини одговориле дека во нивната општина постојат пишани процедури за 50-100% од работните задачи и постапки.

**Во три четвртини од општините (75%) не се прецизно утврдени дискрециските овластувања на носителите на јавна функција.** Овие овластувања се утврдени само во 25% од општините.




Слика 1.

Дали се прецизно утврдени дискрециските овластувања на носителите на јавна функција?

**Исто така во 75% од општините не се документира користењето на дискрециските овластувања од страна на носителите на јавна функција, односно не се знае за кои сè прашања или кои сè одлуки се донесени со дискрециско овластување на функционерите.** Вакво документирање е пријавено само од страна на 25% од општините.




Слика 2.

Дали се документира користењето на дискрециските овластувања?

**Дури три четвртини од општините (75%) велат дека во нивната општина се утврдени критериумите за пресметка на цените на јавните услуги што ги наплаќа општината.** Само 25% од општините велат дека ги немаат утврдено критериумите за пресметка на цените на услугите.




Слика 3.

Дали се утврдени критериумите за пресметка на цените на јавните услуги кои што се наплаќаат?

**Дури три четвртини од општините (75%) изјавуваат дека имаат јасно наведен список на услуги што ги нудат.** Дека немаат таков јасно наведен список на услугите изјавуваат една четвртина или 25% од испитаните општини.




Слика 4.

Дали во општината има јасно наведен список на јавни услуги што ги нуди?

**(75%) од општините велат дека на списокот на услуги се наведени и цените на услугите.** Дека немаат истакнато цени на услугите изјавуваат една четвртина или 25% од испитаните општини.




Слика 5.

Дали на списокот на услуги има и цени на услугите?

**Во 38% од општините, службениците усно ги кажуваат информациите за постапката и документите кои треба да ги обезбедат граѓаните и фирмите за добивање на услугите што ги даваат општините.** Во исто толкав процент (38%) информациите се истакнати на огласна табла, а во 24% од општините овие информации се достапни на интернет страниците или на друг начин.




Слика 6.

Како се достапни информациите за постапката и документите кои треба да ги обезбедат граѓаните и фирмите за добивање на услугите што ги дава општината?

**Сите општини (100%) изјавуваат дека на некаков начин соработуваат со здруженијата на граѓани.** Општините најмногу (43%) работат на заеднички проекти со граѓанските организации, 29% од општините имаат посебен фонд за граѓанскиот сектор, а по 14% од општините соработуваат со граѓанските организации овозможувајќи им мониторинг врз работата на општината или на други начини.




Слика 7.

Како соработувате со здруженијата на граѓани?

**Само една четвртина од општините (25%) досега спровеле проект од јавно-приватно партнерство.** Дури 75% од општините немаат спроведено ваков проект.




Слика 8.

Дали досега имате спроведен проект за јавно-приватно партнерство?

- **Сите општини (100%) изјавуваат дека досега примиле иницијативи од граѓани, интересни групи или граѓански здруженија за решавање на некој проблем.** Од вкупно примените 224 иницијативи, според изјавите на општините усвоени се 194 или 87% од иницијативите. Процентот на усвојување меѓу општините се движи од 0 до 90%.

- **Сите општини велат дека имаат отворени седници на Советите на општините за граѓаните и за другите заинтересирани субјекти.** Ниту една од општините не одговорила колку вакви отворени седница има одржано досега.

- **Сите општини изјавуваат дека преземаат мерки за активно функционирање на урбаните заедници кои се основна единица за сублимирање на граѓанското мислење во општината.**

- **Најголем број од општините (66%) велат дека ги користат јавните расправи како механизам за консултирање на граѓаните за креирање на буџетот на општината.** По 17% од општините како механизам за оваа намена ја користат својата интернет страница или некој друг механизам. Ниту една општина не изјавила дека нема механизми за информирање на граѓаните при креирањето на општинскиот буџет.

**Најголем број од општините (66%) велат дека ги користат јавните расправи како механизам за консултирање на граѓаните за креирање на буџетот на општината.** По 17% од општините како механизам за оваа намена ја користат својата интернет страница или некој друг механизам. Ниту една општина не изјавила дека нема механизми за информирање на граѓаните при креирањето на општинскиот буџет.




Слика 9.

Какви механизми користите за консултирање на граѓаните во креирањето на буџетот на општината?

**Како најчесто средство за запознавање на граѓаните со општинскиот буџет општините ги користат своите интернет страници (38%).** Во 25% од општините, граѓаните можат да ги добијат информациите за буџетот преку увид во буџетот во самата општина или преку општинското гласило.




Слика 10.

Како ги запознавате граѓаните со општинскиот буџет за следната година?

**Половина од општините ги користат јавните расправи како механизам за консултирање на засегнатите страни при изработката на значајни документи како стратегии, планови и др.** Речиси 33% од општините користат други механизми, а 17% за оваа намена ја користат интернет страницата.




Слика 11.

Какви механизми користите за консултирање на засегнатите страни (граѓаните, бизнис секторот, НВОи и др.) при изработка на значајни стратегии, планови и др.?

- **Сите општини изјавуваат дека практикуваат редовни средби со претставници на граѓанските здруженија и на деловната заедница, но не наведуваат колку пати годишно одржале вакви средби.**

- **Исто така, 100% од општините изјавуваат дека редовно организираат приемни денови кај градоначалникот.**

**Дури три четвртини од општините (75%) немаат воспоставено активна телефонска линија за поплаки и предлози од граѓаните и од претставниците на бизнис заедницата.** Таква телефонска линија изјавуваат дека имаат воспоставено само 25% од општините.




Слика 12.

Дали имате телефонска линија за поплаки и за предлози на граѓаните?

**Најголем број од општините (45%) го оценуваат задоволството на граѓаните од работата на општината преку собирање анкетни листови.** Третина од општините за оваа намена користат формулари кои се достапни на нивната интернет страница, а 22% други форми на оценување на задоволството на граѓаните.




Слика 13.

Како го оценувате задоволството на граѓаните од вашето работење?

**Дури 75% од општините изјавуваат дека немаат пишани процедури за постапување по жалби од граѓани за незадоволство од услуги или непрофесионален однос на општински службеник.** Вакви процедури имаат воспоставено само 25% од општините.




Слика 14.

Дали имате пишани процедури за постапување по жалби од граѓани за незадоволство од услуги или непрофесионален однос на општински службеник?

**Три четвртини од општините (75%) го проценуваат медиумското известување за работата на општината како позитивно.** Една четвртина или 25% од општините сметаат дека известувањето на медиумите за нивната работа е неутрално.




Слика 15.

Како медиумите известуваат за вашата работа?

**Третина од општините најчесто комуницираат со медиумите преку редовни и повремени прес-конференции.** По 27% од општините со медиумите комуницираат преку соопштенија или гостувања во емисии, а 13% одржуваат брифинзи за новинарите.




Слика 16.

Како најчесто комуницирате со медиумите?

- **Само една од анкетираните општини изјавила дека сите нејзини вработени потпишале изјава дека ќе го применуваат Етичкиот кодекс за државни службеници.** Другите општини воопшто не одговориле на ова прашање.

- **Само една општина одговорила на прашањето колку од нејзините вработени ја декларирале својата имотна состојба.**

**Дури 75% од општините немаат внатрешна процедура за декларирање на имотната состојба на вработените.** Ваква процедура имаат само 25% од општините.




Слика 17.

Дали општината има внатрешна процедура за декларирање на имотна состојба на вработените?

**Во половина од општините постои, а во другата половина не постои обврска за потпишување на изјава за евентуален конфликт на интереси.** Само една од општините доставила и податок колку вработени од општината потпишале таква изјава.




Слика 18.

Дали во општината постои обврска за потпишување на изјава за евентуален конфликт на интереси?

- **Во ниту една од испитаните општини ниту еден вработен досега не пријавил судир на интереси според некој од законите кои го предвидуваат тоа (Законот за спречување на судир на интереси, Законот за спречување на корупција и Законот за јавни набавки).**

- **Исто така во ниту една од општините нема случај во последните две години за некој вработен да е спроведена истрага за корупција.**

- **Сите испитани општини изјавиле дека при спроведување на постапките за јавни набавки, за секоја набавка формираат посебна комисија.** Во ниту една општина набавките не се спроведуваат преку една комисија, ниту пак постојат комисии за одделни области.

**Најголем број од општините (75%) објавуваат годишен извештај за работењето.** Таков извештај не објавуваат 25% од општините.




Слика 19.

Дали објавувате годишен извештај за работењето на општината?

**Повеќе од половина од општините (57%) го прават достапен годишниот извештај за работата на општината преку објавување на нивната интернет страница.** Високи 43% од општините годишниот извештај го објавуваат.




Слика 20.

Како ја обезбедувате достапноста на извештајот до граѓаните?

- **Дури 75% од општините изјавиле дека примиле барања за податоци од јавен карактер.** Од примените барања, општините одговориле на 93% од барањата.

**Резултати од истражувањето на актуелните практики во општините од Источна Македонија: Штип, Струмица, Свети Николе и Виница**

Издавач:
**НВО Инфоцентар**

Подготвил:
**Центар за граѓански комуникации, Едукативно хуманитарна организација – ЕХО, НВО Инфоцентар**

Дизајн:
**eXpressive graphics, Скопје**

CIP – Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

**343.85: 343.352: 352.077(497.73) (047.31)**

**РЕЗУЛТАТИ од истражувањето на актуелните практики во општините од Источна Македонија: Штип, Струмица, Свети Николе и Виница**.-Скопје

**Фондација НВО Инфоцентар**, 2010. – 56 стр. : граф.прикази: 14 см

**ISBN 987-608-4594-02-4**

а) Општински административни постапки – Спречување корупција – Македонија, источна – Истражувања

**COBIS.MK – ID 81791242**